**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

08-543/7

09.08. 23

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 61 седница одржана на 30.06.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Интелегентни системи", втор циклус на академски студии - додипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Интелегентни системи", втор циклус на академски студии - додипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по информатички науки и компјутерско инженерство, од областа на интелигентни системи/во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Science in Computer science and engineering in the field of Intelligent systems.
   Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно - математички науки, 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 109 Математика 110 Информатика 212 Компјутерска техника и информатика, Научно – истражувачка област: 11000 Информатика, 11005 Вештачка интелигенција, 11011 Друго, 21205 Вештачка интелигенција и системи, 21206 Процесирање на податоци, 21208 Друго, 10912 Применета математика и математичко моделирање, 10913 Програмирање
4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 50 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02-126/45 од 26.01.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Интелегентни системи", втор циклус на академски студии - додипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство (ФИНКИ) при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-168/7 од 27.01.2023 година (наш бр. 08-543/1 од 31.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 54-та седницата одржана на 09.03.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 543/6 од 26.07.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 61-та седница одржана на 30.06.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова